ГОДИНА XXI • 21 ЈУНИ 2023 ГОДИНА • БРОЈ 1051 • ИЗЛЕГУВА ВО СРЕДА • ЦЕНА 40 ДЕНАРИ

# ЈАВНОСТ

РЕГИОНАЛЕН ИНФОРМАТИВЕН НЕДЕЛНИК

ГРАДЕЖНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
„ПЕЛИСТЕР"
БИТОЛА



## МЕНДЕ ФИДАНОВСКИ: ТРУДОТ НА РАБОТНИЦИТЕ ВО РЕК „БИТОЛА" МОРА ДА БИДЕ СООДВЕТНО НАГРАДЕН




ФОД
ФАБРИКА ЗА ОПРЕМА
И ДЕЛОВИ „ФОД" ДООЕЛ
ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
водовод БИТОЛА
KROSCHU KROMBERG & SCHUBERT
HC EUROFARM
PELISTER
Ј.П. стрежево
БИТОЛА
PERPETUUMOBILE SECURITY
Р.К. ПЕЛИСТЕР
БИТОЛА
Kabelska Televizija
TeleKabel

**Менде Фидановски, претседател на Синдикалната подружница на РЕК„Битола“**



# МЕНДЕ ФИДАНОВСКИ: ТРУДОТ НА РАБОТНИЦИТЕ ВО РЕК„БИТОЛА“ МОРА ДА БИДЕ СООДВЕТНО НАГРАДЕН

**Дијалогот со работодавецот го водиме на рамноправна основа и затоа резултатите од нашите преговори и разговори се позитивни. Токму низ дијалог со работодавецот успеавме да добиеме покачување на платите по повеќе од 10 години, а во тек се преговори за уште едно покачување на платите. Минатиот месец зголемен е додатокот за храна и превоз за сите вработени, а зголемен е и бодот за пресметка на плата на висококвалификуваните работници, вели првиот човек на Синдикалната подружница на РЕК „Битола“, Менде Фидановски.**

**Главна задача на синдикатот е заштитата на работничките права. Синдикалната борба за заштита и унапредување на правата на работниците е тековен процес. Колку вие како синдикален лидер лично сте задоволни од постигнатото ниво на синдикална заштита на работниците откако сте на чело на Синдикалната подружница на РЕК „Битола“?**

**Фидановски:** Синдикалната борба за заштита и унапредување на правата на работниците се одвива постојано. Јас лично сум задоволен од постигнатите резултати на Синдикатот на РЕК „Битола“ изминатите неколку години, иако морам да потенцирам дека тоа не е само мој личен успех, туку заеднички успех на Извршниот одбор на Синдикатот, на работниците и на менаџментот на РЕК „Битола“ и на АД „ЕСМ“ кои имаат слух за нашите барања. За Синдикалната подружница на РЕК „Битола“ најважно е што организацијата ја врати довербата кај своите членови, работниците во нас гледаат партнери во остварувањето на своите барања и поддршка во различни ситуации со кои се соочуваат на работното место. Исто така, реномето на Синдикалната подружница на РЕК „Битола“ е на високо ниво и денес организацијата е посакуван партнер на голем број деловни субјекти во Битола, па работниците имаат можност поволно да ги користат нивните услуги или стоки. Членовите на синдикатот имаат можност за купување на артикли на рати од голем број продавници, да добијат позајмица без камата, неповратни средства за лекување... Кратко речено, Синдикалната подружница на РЕК „Битола“ во моментов е организација која ужива доверба кај своите членови и респект кај партнерите во социјалниот дијалог и во економското опкружување.



**Колку членови брои синдикатот и како е организирана комуникацијата со работниците?**

**Фидановски:** Синдикалната подружница на РЕК „Битола“ брои околу 2.500 членови. Освен една централна канцеларија, во кругот на РЕК „Битола“, Синдикатот има канцеларии во секоја производствена единица. Имаме именувани синдикални претставници во Термоелектраната, во Рудници, во Брод Гнеотино, во општи и заеднички служби за да можат работниците што побрзо и полесно да стапат во контакт со нас. Канцелариите се отворени за секого, во секое време, а освен тоа сите наши членови ги имаат нашите телефонски броеви и можат да не контактираат. Тоа се наши колеги со кои сме работеле заедно и ќе работиме заедно и се трудиме комуникацијата да биде секојдневна.

**Како тече соработката со работодавецот и на кој начин ги решавате сите отворени прашања и проблеми кои тековно се појавуваат?**

# ИНТЕРВЈУ

**Фидановски:** Со менаџерскиот тим на РЕК „Битола" практикуваме редовни состаноци, барем еднаш во неделата, на кои ги пренесуваме барањата на нашите членови. Постојано контактираме и со Синдикалната организација на АД „ЕСМ" преку која барањата на работниците од РЕК „Битола" се пренесуваат до Управниот од-



бор на АД „ЕСМ". Отворено дискутираме за отворените прашања и проблеми, бараме решенија за потребите и проблемите на работниците, секогаш имајќи на ум дека само задоволен работник е и продуктивен работник. Можам да кажам дека соработката со работодавецот е на завидно ниво, што се одразува и на производствените резултати на РЕК „Битола" кои последниов период се во нагорна линија.

**Како го оценувате дијалогот помеѓу работниците и работодавецот?**

**Фидановски:** Дијалогот со работодавецот го водиме на рамноправна основа и затоа резултатите од нашите преговори и разговори се позитивни. Станува збор условно кажано за две страни кои имаат иста цел - успешна работа на комбинатот како предуслов за благосостојба на работниците, а од друга страна задоволни работници се услов за добро работење на комбинатот. Токму низ дијалог со работодавецот успеавме да добиеме покачување на платите по повеќе од 10 години, а во тек се преговори за уште едно покачување на платите. Минатиот месец зголемен е дадотокот за храна и превоз за сите вработени, а зголемен е и бодот за пресметка на плата на висококвалификуваните работници. Компанијата редовно го исплаќа регресот за годишен одмор и во моментов се преговара тој да биде целосно исплатен во јуни, токму пред годишните одмори. Понатаму, вработените се праќаат редовно на здравствени прегледи, подобрен е квалитетот на превозот на работниците до и од работните места со купувањето на шест, нови автобуси, вработените во РЕК „Битола" добиваат бесплатен ладен оброк, а во фаза на реконструкција е мензата со што повторно ќе се врати топлиот оброк во комбинатот. Сите овие придобивки за работниците се плод на дијалогот што го водиме со работодавецот и таа практика ќе ја продолжиме и во иднина.

**На кој начин работниците најлесно и најефикасно можат да добијат правна помош кога за тоа имаат потреба?**

**Фидановски:** Синдикатот на РЕК „Битола" во своите акти има предвидено обезбедување на бесплатна правна помош и поддршка на своите членови. Се што треба да направи било кој член на нашиот синдикат за да добие бесплатна правна помош е да не посети во некоја од канцелариите. Ние стоиме на располагање на



сите наши членови кои имаат потреба од медијација во решавањето на некој проблем на работното место или за бесплатна правна помош.

**Синдикалната организација често на дело ја покажува својата општествена одговорност. Кои се вашите приоритети на тој план?**

**Фидановски:** Синдикатот на РЕК „Битола" има обврска, но и чувствуваме потреба да помогнеме на заедницата, на различни категории граѓани, здруженија, организации, клубови, поединци. РЕК е еден од најголемите работодавачи во Битола, а нашиот Синдикат брои членови кои на различни начини се поврзани со субјектите на кои им помагаме. Образование, култура, спорт, ранливи категории граѓани се областите во кои најчесто помагаме. Притоа, помошта е од средствата што синдикатот ги добива согласно Колективниот договор од работодавецот и од продажба на секундарни суровини. И АД „ЕСМ" како компанија има усвоено Стратегија за општествена одговорност, согласно која дел од средствата со кои располага ги насочува кон заедницата. Синдикалната подружница на РЕК „Битола" ќе продолжи и во иднина да помага во границите на своите можности.

**На што ќе бидете фокусирани во иднина?**

**Фидановски:** Наш фокус останува борбата за повисоки плати, за редовна исплата на регресот за годишен одмор и другите бенефиции кои се придобивка од синдикалното делување изминатиот период. Сепак, приоритет имаат напорите за уште едно зголемување на платите годинава. Трошоците за живот се во нагорна линија, пазарот на труд е немилосрден, а трудот на работниците во РЕК „Битола" сметам дека мора да биде соодветно награден.

